**ОПШТИНА ПРОБИШТИП**
ул.Јаким Стојковски бр.1
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 131 | fax: +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

Врз основа на член 17 од Законот за младинско учество и младински политики ( „Сл. Весник на РСП бр.10/20), а согласно Одлука за давање на согласност за распишување Јавен повик за формирање Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на општина Пробиштип арх.бр.26-750/17 од 29.10.2024 година („Сл. Гласник на општина Пробиштип бр.10 од 30.10.2024 година ), општина Пробиштип распишува

# ЈАВЕН ПОВИК

## За формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на општина Пробиштип

Општина Пробиштип формира Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на општина Пробиштип, кој претставува неформална група со цел конституирање на Локално Собрание на млади на општина Пробиштип.

Иницијативниот одбор е составен од пет (5) члена, жители на општина Пробиштип, на возраст од 15 до 29 години.

Мандатот на членовите на Иницијативниот одбор трае до одржување на конститутивното Локално Собрание на млади.

Општина Пробиштип ја спроведува постапката за избор на членови на Иницијативниот одбор за конституирање на Локално Собрание на млади на општина Пробиштип, а работата на истото се координира и помага од Службеникот на млади во општина Пробиштип.

УЛОГА И ЗАДАЧИ НА ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР :

- Распишување на повик за конститутивно Локално Собрание на млади во согласност со Статутот на општината, по принципот на јавност и транспарентност,
- Соработка со општината при организација и одржување на конститутивното Локално Собрание на млади.

ВО ИНИЦИЈАТИВНИОТ ОДБОР МОЖАТ ДА ЧЛЕНУВААТ:

- Младински организации,
- Организации за млади,
- Политички подмладоци,
- Ученички организации,
- Студентски организации,
- Други облици на младинско здружување кои работат и функционираат на територијата на општината и сакаат да учествуваат во основањето на Локалниот Младински Совет.

ЗАДОЛЖИТЕЛНИ ДОКУМЕНТИ:

ОПШТИНА ПРОБИШТИП
ул.Јаким Стојковски бр.1
2210, Пробиштип
тел. +389 (0)32 483 131 | fax: +389 (0)32 483 047
www.probistip.gov.mk | info@probistip.gov.mk

- Портфолио на организацијата/групата/здружението,
- Годишна програма на организацијата/групата/здружението,
- Извештај за активностите со млади во изминатата година на организацијата/групата/здружението,
- Пријава за номинација на претставник за член во Иницијативниот одбор и контакт информации,
- Изјава за огласност за користење на лични податоци од номинираното лице,
- Изјава за согласност за прифаќање на номинација од номинираното лице за член во Иницијативниот одбор и
- Кратко мотивационо писмо и кратка биографија од монимираното лице.

КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР:

- Жител/ка на општина Пробиштип,
- Возраст од 15 до 29 години и
- Проактивен/на, креативен/на за индивидуална и тимска работа.

НАЧИН НА ПРИЈАВУВАЊЕ:

Пријавите за членство во Иницијативниот одбор за конституирање на Локалното Собрание на млади на општина Пробиштип со потребната документација во еден оргинален примерок, потпишан и заверен со печат и штембил од одговорното лице, во затворено плико, адресирани до општина Пробиштип, ул„Јаким Стојковски“ бр.1 Пробиштип секој работен ден од 7:30 до 15:30 часот со назнака за : „ За Јавниот повик за формирање на Иницијативен одбор за конституирање на Локално Собрание на млади во општина Пробиштип“. Комисијата формирана од Градоначалникот на општина Пробиштип има за задача да ги разгледа пријавите во рок од 5 работни дена и да даде предлог за избор на членовите во Иницијативниот одбор за конституирање на Локално собрание за млади во општина Пробиштип. Изборот го врши Градоначалникот во рок од 3 работни дена од доставениот предлог. Иницијативниот одбор има за задача да започне со работа во рок од 5 работни денови од изборот.

РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ:

Седум (7) работни дена од денот на објавувањето на Јавниот повик, започнувајки од понеделник 27 јануари, заклучно до Вторник 04 февруари 2025 година.

Општина Пробиштип